Pradaxa®
dabigatran etexilate

# КАРТИЦА ЗА ПАЦИЕНТИ СО ПРЕДУПРЕДУВАЊА

- Носете ја секогаш со себе картицата за пациенти со предупредувања
- Бидете сигурни дека ја користите најновата

Boehringer Ingelheim

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ

## Информации за пациентите за лекот Pradaxa®

За Вашата терапија

- Pradaxa® ја разредува крвта, со што спречува создавање на опасни крвни коагулуми. Земајте го лекот Pradaxa® редовно според упатствата на Вашиот лекар.
- Никогаш не пропуштајте доза и не го прекинувајте земањето на лекот Pradaxa® без да се консултирате со Вашиот лекар.
- Информирајте го Вашиот лекар дека го земате лекот Pradaxa® пред секој оперативен или инвазивен зафат кај кој може да се очекува појава на крварење (вадење на заб, гастроскопија итн.)
- Pradaxa® може да се зема со или без храна. Капсулата треба да се проголта цела, со чаша вода. Немојте да ја кршите, џвакате и не ги празнете пелетите од капсулата.

Кога да побарате совет од лекар

- Употребата на лекот Pradaxa® може да го зголеми ризикот од крварења. Веднаш информирајте

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

го Вашиот лекар ако забележите било кој од следните можни знаци и симптоми на крварење: оток, нелагодност, невообичаена болка или главоболка, вртоглавица, бледило, слабост, невообичаени модринки, крварење од носот, крварење од гингивите, невообичаено долготрајно крварење при посекотини, невообичаено менструално или вагинално крварење, крв во мокрача со промена на бојата во розеникава или светло кафена, црвена/црна столица, искашлување на крв, повраќање на крв или содржина налик на талог од кафе.

- Доколку паднете или се повредите во тек на употребата на лекот, посебно ако ја повредите главата Ве молиме веднаш побарајте медицинска помош.
- Ако почувствувате киселини, мачнина, повраќате, чувствувате нелагодност во желудникот, надуеност или болка во горниот дел на стомакот не го прекинувајте земањето на лекот Pradaxa® без да се консултирате со Вашиот лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## Информации за здравствените работници во врска со лекот Pradaxa®

- Pradaxa® е перорален антикоагуланс кој делува по пат на директна инхибиција на тромбин.
- Во случај на хируршка или друга инвазивна постапка, можеби ќе мора привремено да се прекине примената на лекот Pradaxa® пред постапката.
- Во случај на големо крварење примената на лекот Pradaxa® мора веднаш да се прекине.
- Со оглед на тоа дека Pradaxa® воглавно се елиминира по пат на бубрезите, потребно е да се одржува соодветна диуреза. Pradaxa® може да се отстрани со дијализа.
- Специфичениот антагонист на дабигатран (Praxbind®) е достапен во ситуации кога е потребно брзо поништување на антикогулантното дејство на лекот Pradaxa® (видете Збирен извештај за особините на лекот Pradaxa® и за Praxbind®).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ

Почитувани,

Вашиот лекар Ви препорачал лечење со лекот Pradaxa®. Со цел безбедна примена на лекот Pradaxa® Ве молиме да ги погледнете следните важни информации.

Со оглед на тоа дека оваа Картица за предупредувања содржи важни информации за вашето лечење, Ве молиме да ја носите со себе во сите ситуации како би ги информирале здравствените работници дека го земате лекот Pradaxa®.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Ве молиме да го пополните овој дел или замолете го Вашиот лекар да го стори тоа.

## Информации за пациентот

__________________________________

(Име на пациентот)

__________________________________

(Датум на раѓање)

__________________________________

(Индикација за антикоагулантна терапија)

__________________________________

(Вредност на клиренс на креатинин пред воведување на терапијата)

__________________________________

(Дозирање на лекот Pradaxa®)

__________________________________

(Датум на започнување со терапија)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ